**Права и обврски на учениците**

· Ученикот има **право и обврска редовно да ја посетува наставата и ги исполнува планираните задачи** што се предвидени со годишната програма;

· За секое изостанување од настава родителот е должен да го извести одделенскиот раководител;

· Кон ученикот кој не ги извршува обврските и ги повредува правилата на воспитно—образовната работа се применуваат следните **педагошки мерки:** усна опомена, писмена опомена, укор, преместување на ученикот во друга паралелка и намалување на поведението,

· Истовремено со изрекувањето на педагошките мерки директорот н а училиштето формира **тим на поддршка** кој ќе работи со родителот , ученикот и наставникот со цел намалување н апроблемот.

· Ученикот има право на **бесплатен превоз** ако местото на живеење е оддалечено најмалку два километри од најблиското основно училиште;

· Учениците со посебни образовни потреби имаат право на бесплатен превоз без оглед на оддалеченоста на нивното место на живеење;

· Во договор со родителите училиштето за учениците организира **осигурување** од **повреди** за кои трошоците ги плаќа родителот;

· Учениците кои се истакнуваат со своето знаење или со други видови постигања училиштето ги пофалува, односно наградува;



**Права на родителот**

Во **прво одделение** на основното училиште родителот е должен да го запише детето кое до крајот на календарската година ќе наполни шест години, во реонот во кој што живее или каде постојано престојува;

· За организирано остварување на интересите на учениците во училиштето од родителите е формиран Совет на родители со по еден преставник од секоја паралелка;

· **Советот на родители:** дава мислење за предлог на програмата за развој на училиштето, расправа за извештајот за работа на училиштето,предлага програми за подобрување на стандардите за настава, разгледува жалби на родителите во врска со воспитно—образовната работа;

· **Орган на управување** : Училишен одбор, составен од девет члена: тројца претставници од наставниците, стручните соработници од училиштето, тројца претставници од родителите на учениците, двајца претставнци од основачот и еден претставник од Министерство.

**- Стручни органи во училиштето се** : Наставнички совет, Совет од одделенски наставници, совет на предметни наставници , одделенски раководител на паралелката и стручни активи.

**Календар за работа**

02.09.2024 - започнува учебната година
31.08.2025- завршува учебната година
Наставната година започнува 01.09.2024 год, а завршува на 10.06.2025 год;
Првото полугодие започнува на 02.09.2024 год, а завршува на 30.12.2024год;
Второто полугодие започнува на 20.01.2025 год, а завршува на 10.06.2025 год;
Зимскиот одмор започнува на 31.12.2024 а завршува на 19.01.2025 год;
Летниот одмор на учениците се организира и користи од 11.06.2025 год.. до 31.08. 2025 год;
На 09 мај е Патрониот празник на училиштето и се реализираат културни,спортски и др.манифестации.
Од 11 уни до 20 јуни 2024 год.. се организира дополнителна настава , поправни испити и одделенски испит Од 18 .08. до 22.08.2025 год. се организираат подготвителна настава, консултации и други форми на помош за учениците.кои треба да полагаат поправни испити и одделенски испити.
Во учебната 2024/2025 година наставата се остварува во 180 наставни денови.

**Советување на родители**

Родителот односно старателот се упатува на советување ако: Ученикот во текот на наставната година има негативна оценка по три и повеќе предмети; ученикот има направено повеќе од 10 неоправдани или 100 оправдани изостаноци, ученикот е недисциплиниран, ученикот го навреди наставникот, учествува во тепачки или други форми на насилство, ученикот покажува асоцијално или антисоцијално однесување, ученикот се однесува неморално или неетички; во краток период на ученикот значително му опадне успехот.

Ако родителот , односно старателот од оправдани причини не може да се јави на поканата е должен за отсуството да го извести одделенскиот односно раководителот на паралелката пред одржувањето на советувањето или во рок од 3 дена по советувањето.




<u>**ЈОСКА ЈОРДАНОСКА** БР46 ПРИЛЕП</u>

e-mail: ooukgjane@gmail.com




# БРОШУРА ЗА РОДИТЕЛИ

**ООУ„КИРЕ ГАВРИЛОСКИ-ЈАНЕ“ ПРИЛЕП**

**УЧЕБНА 2024/2025 ГОДИНА**

**МИСИЈА: Нашето училиште овозможува пријатна и квалитетна клима и современа настава со еднакви можности за сите ученици, како и развивање на нивните индивидуални способности, подготвувајќи ги за понатамошното образование и за соочувањето со предизвиците на современото општество, училиште кое подржува партнерски односи и соработка меѓусите ученици, наставници и родители**

***ВИЗИЈА:* Модерно современо училишт е кое преку соработка со локалната заедница и со максимално и доследно ангажирање на наставниот кадар кој применува иновативни програми и активности овозможува формирање на задоволни, психо-физички здрави, исполнителни, креативни и едуцирани млади личности, училиште кое настојува да обезбеди еднакви можности за сите ученици и истовремено кај нив да ја развие**

## Организација на наставата

**Наставниот час трае 40 минути. Наставата се изведува во 2 смени. . Со тоа наставата од I до VI одд. ќе се реализира според новата Концепција за основно образование.**

**- Задолжителни предмети (според Наставен план)**

- **Изборни предмети**: во VI – Етика на религи и Запознавање на религиите,во VII-Техничко цртање и дизајнирање и Одбојка,во VIII—Истражување на родниот крај , Изборен спорт,Танци и народни ора ,во IX- Проекти од информатика и Техничко образование.
- Прв странски јазик – англиски, а како втор учениците го изучуваат германски от јазик

Во I - III одд.-слободни изборни активности,во IV одд слободни изборни предмети:Мултикултурни работилници и Образование за животни вештини и Кошарка , во V одд - Моден и компјутерски дизајн

- Дополнителна и додатна **настава**

- **час на одделенската заедница** секој понеделник трет час по распоред.

**-Воннаставни активности**: за развивање на различните интереси на учениците училиштето организира воннаставни активности кои се определени во Годишната програма, а во кои учeнците се вклучуваат доброволно.

**-Ученичко организирање и учество —** Сите ученици во училиштето ја сочинуваат **ученичката заедница.**

За организирано остварување на интересите учениците се организираат во **заедница на праралелка** и **Ученички парламент**.

За заштита и унапредување на ученичките права се грижи и **ученичкиот правобранител** кој се избира со тајно гласање од редовите на учениците од осмо и деветто одделение.

**Грижата за здравјето –** редовните лекарски систематски прегледи и имунизацијата на учениците ќе се реализираат во соработка со Јавните здравствени организации преку: **систематски прегледи** за учениците и вработените; **стоматолошки прегледи** и перманентна заштита во училишната амбуланта, **вакцинации** соглсно законските прописи, предавања и работилници од областа на здравствената заштита, зимување, летување, екскурзии.

**Мали совети:**

* Вашето учество во активностите во училиштето и соработката со наставниците позитивно влијаат на Вашето дете
* Бидете пример на Вашето дете и за училиштето зборувајте во позитивен контекст
* Охрабрете го Вашето дете и овозможете му време за игра и опуштање
* Разговарајте за секојдневни настани
* Изразете ја Вашата љубов
* Разговарајте за книги, весници, списанија, телевизиски емисии
* Обезбедете мирно место во домот каде детето може да учи и чита
* Заедно планирајте го Вашето време и поставете му на детето реални цели
* Следете го извршувањето на задачите
* Поставете прашања, оставете малку време за

## Постигањата на учениците се оценуваат описно и бројчано.

- Во **првиот период ,**постигањето на ученикот во текот на наставната година се оценува **описно**. На крајот на учебната година ученикот добива **свидетелство со описни оценки**.

- Во **вториот период** постигањето на ученикот во текот на наставната година и на крајот на првото полугодие се оценува **описно**, а на крајот на учебната година добива **свидетелство со бројчани оценки** и оценка за општиот успех.

- Во **третиот период** постигањето на ученикот во текот на наставната година и на крајот на прво полугодие се оценува **бројчано**, а на крајот на учебната година добива **свидетелство со бројчани оценки** и оценка за општиот успех.

- Оценувањето на ученикот е според стандарди и критериуми кои ги изготвува Бирото.

- Одделенскиот раководител на паралелката го известува родителот за успехот на ученикот **најмалку два пати во секое полугодие.**

Ученикот од прво заклучно со петто одделение во деветтолетката по правило **не го повторува** одделението.

-За ученикот во повисоките одделенија кој на крајот на учебната година има негативна оценка до два предмета се организира **дополнителна настава** во месец јуни.

-Ученик кој по одржаната дополнителна настава не постигнал позитивен успех се упатува на **поправен испит** во месец јуни и август.

- Ученик кој не ја посетува наставата најмаку една третина од фондот на наставните часови и нема елементи за оценување, полага **одделенски испит**.

**Јавна и културна дејност-**учество на натпревари, конкурси, изложби, програми по разни поводи, одбележување на Денот на училиштето со учество на преставници од Совет на родители, Локалната заедница.

**Соработката со родителите** е планирана да се реализира низ четири општи родителски средби и планирани и непланирани индивидуални средби со наставниците, работилници со педагошко - психолошката служба и директорот.

За остварување на целите на Годишната програма и јакнење на културата во училиштето се планирани активности поврзани со: локалната заедница, БРО, МОН,

## ПРИОРИТЕТНИ ЗАДАЧИ

- **Целосна реконструкција на електричната инсталација во училиштето**
- **Реконструкција на санитарните јазли во училиштето**
- **Поставување на ролетни во крилото од одделенска настава во приземје и прв спрат**
- **Психо-социјална помош и подршка во унапредување на добросостојбата и менталното здравје на учениците**
- **Зајакнување на капацитетите на училиштето за градење на инклузивна култура**
- **Превенција на врсничко насилство и создавање на безбедна и поддршувачка**

## Инклузивно образование

Инклузивното образование е процес кој ги зема предвид различните индивидуални потреби за развој на учениците, давајќи еднакви можности за остварување на основните човекови права за развој и квалитетно образование. Во училиштето директорот формира училишен инклузивен тим, кој се грижи за инклузивните политики и практики на ниво на целото училиште и инклузивен тим за ученик којшто работи по индивидуален образовен план или по модифицирана програма со ученикот во зависност од стручната проценка за него.

ООУ “КИРЕ ГАВРИЛОСКИ- ЈАНЕ”